Американска стопанска комора
во Северна Македонија

# Препораки за Нацрт-Законот за вештачење

Скопје, август 2025

Американската стопанска комора во Северна Македонија е бизнис асоцијација на над 150 членки од најразличен спектар на бизниси, од мали претпријатија и локални компании до големи странски инвеститори, кои заедно обезбедуваат вработување за повеќе од 42.000 лица и остваруваат годишен приход повисок од 9 милијарди американски долари. Американската стопанска комора служи како платформа за застапување, вмрежување, размена на знаења и споделување најдобри практики со цел заедничко креирање на подобро деловно опкружување во земјата.

Американската стопанска комора во Северна Македонија е акредитиран член на Стопанската комора на Соединетите Американски Држави и на мрежата на Американски стопански комори во Европа, организација која претставува 50 Американски стопански комори од 48 земји во Европа и Евроазија.

**Препораки во однос на Нацрт- Законот за вештачење**

Американската стопанска комора во Северна Македонија ги поздравува активностите на Министерството за правда насочени кон целосно и систематско уредување на прашањата од областа на вештачењето. Со цел да обезбедиме конструктивен придонес во овој важен процес, во продолжение ги споделуваме нашите препораки за содржината на Нацрт-Законот за вештачење. Овие препораки се во насока на унапредување на практичната примена на законот, што претставува и една од нашите главни загрижености.

**Законско уредување на областите во кои се врши вештачење**

Според член 8 од Нацрт-законот, областите во кои се врши вештачење се уредуваат со акт на Комората на вештаци. Имајќи ја предвид сензитивноста на темата, предлагаме оваа одредба да се ревидира и областите во кои се врши вештачење да се уредат во овој закон. Имплементацијата на оваа препорака директно би придонела кон остварувањето на целта која се очекува да се постигне со новиот закон, односно би помогнала да се креира сеопфатно и систематско уредување на вештачењето и со тоа, да се воспостави јасна и функционална рамка за регистрација, лиценцирање и надзор над лицата кои вршат вештачење. Ваквиот принцип беше дел од Законот за вештачење од 2010 година што беше на сила до 2023 година и предлагаме да се примени и овој пат.

Во таа насока, предлагаме бројот и видот на професионални одделенија во Комората на вештаци да биде соодветен на областите на вештачење наведени во законот.

**Уредување на условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите за полагање испит за вештачење**

За да се обезбеди дека вештаците располагаат со неопходната стручност за соодветно извршување на својата задача, оценуваме дека е потребно критериумите што треба да ги исполнуваат идните вештаци да се усогласат со актуелните трендови и потреби во соодветната област.

Во согласност со актуелната правна рамка, на пример, единствено правниците можат да добијат лиценца за вештачење во областа на интелектуалната сопственост. Сепак, практиката покажува дека овие лица ја немаат потребната експертиза за соодветно спроведување на вештачењето на патенти или авторски права, поради недоволното познавање на сфери како технологија, фармација, уметност, индустрија и т.н.

Слични предизвици може да се забележат и во други области, како што заштитата на животната средина и вештачката интелигенција, каде што сè почесто се појавуваат нови, интердисциплинарни професии.

Затоа, правната рамка треба да обезбеди стандарди кои, од една страна, се доволно високи за да обезбедат квалитет на процесите на вештачење, но, од друга страна, се доволно флексибилни да одговорат на практичните потреби и реалните услови. Ова ќе обезбеди и навремен одговор на потребите за воведување нови области за вештачење кои се резултат на брзиот технолошки развој.

**Прецизирање на одредбите кои ги уредуваат субјектите кои можат да вршат супервештачење**

Членот 5 од Нацрт-законот утврдува дека супервештачење може да врши трговско друштво запишано во Регистарот на правни лица кои можат да вршат вештачење. Во овој дел идентификуваме потреба од допрецизирање во согласност со дефиницијата за супервештачење дадена во член 2.

Поконкретно, предлагаме во членот 5, став (2), алинеја 2) да се наведе дека супервештачењето може да го вршат трговски друштва кои се запишани во соодветниот Регистар и имаат вработено најмалку тројца вештаци од соодветната област.

**Стандардизирање на стручните наоди и мислења**

За да се обезбеди стандардизираност на форматот на стручните наоди и мислења и, уште поважно, да се надмине потенцијалниот ризик од нивна нецелосна или несоодветно аргументирана содржина, предлагаме во Законот да се предвиди обврска за донесување подзаконски акт со кој ќе се уреди нивната форма и ќе се утврди минимумот содржина што би требало да го има секој стручен наод и мислење.

**Промени во уредувањето на структурата на испитната комисија**

Според членот 16 од Нацрт-законот, испитот за вештак се полага пред испитна комисија, составена од членови и нивни заменици - претставници на: Министерството за правда, судството или јавното обвинителство, адвокатурата и правните факултети. Во согласност со оваа одредба, сите членови на комисијата, како и нивните заменици, најверојатно, би биле правници.

Земајќи предвид дека практичниот дел од испитот за вештаци се состои и од практичен дел, односно проверка на способноста на кандидатите да изработат и презентираат вешт наод и мислење, што секако треба да остане непроменето, оценуваме дека во комисијата, треба да бидат вклучени и експерти од други области. Притоа, најдобро би било составот на комисијата да биде флексибилен, односно да биде прилагоден на областа за која се спроведува испитот, за да може да се обезбеди дека членовите на комисијата располагаат со стручност соодветна на онаа која се бара од кандидатите за идни вештаци. Затоа, предлагаме во комисијата, покрај експерти од областа на правото, да бидат вклучени вештаци од областа во која се полага испитот.

Дополнително, за поефективно и пообјективно спроведување на испитот, неопходно е да се постават јасни критериуми кои треба да ги исполнуваат сите членови на комисијата. Ваквите критериуми треба да гарантираат дека тие ги имаат квалификациите, искуството и објективноста неопходни за успешно спроведување на нивната функција.

**Уредување на позицијата на актуелните вештаци**

Нацрт-законот не го уредува статусот на лицата чии лиценци за вештачење се добиени пред денот на кој тој би влегол во сила. За да се избегнат потенцијални правни празнини, предлагаме содржината на Нацрт-законот да се дополни со одредби кои ќе го уредат ова прашање.